# „О Ебу Сеид! Оној што ќе биде задоволен со Аллах како Господар, со исламот како вера, и со Мухамед како веровесник – за него Џенетот станува задолжителен.“

Ебу Сеид ел-Худри, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „О Ебу Сеид! Оној што ќе биде задоволен со Аллах како Господар, со исламот како вера, и со Мухамед како веровесник – за него Џенетот станува задолжителен.“ Тоа многу го зачуди Ебу Сеид, па рече: „Повтори ми го тоа, о Аллахов пратенику!“ Тој му го повтори, а потоа додаде: „Има уште едно дело преку кое робот ќе биде воздигнат за сто степени во Џенетот – а растојанието меѓу секој степен е колку растојанието помеѓу небото и земјата.“ Рече: „А кое е тоа, о Аллахов пратенику?“ Тој одговори: „Џихадот на Аллаховиот пат. Џихадот на Аллаховиот пат.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го известил Ебу Сеид ел-Худри, Аллах нека е задоволен со него, дека оној што верува во Аллах и е задоволен со Него како свој Господар, Бог, Сопственик, Владетел и Законодавец – и што го прифаќа исламот како вера, покорувајќи се и предавајќи се потполно на сите негови наредби и забрани – и што верува во Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, како веровесник, прифаќајќи сѐ со што бил испратен и што го пренел – за таквиот човек Џенетот е загарантиран. Ова многу го зачуди Ебу Сеид, па рече: „Повтори ми го тоа, о Аллахов пратенику!“ – па тој му го повторил, а потоа додал: „Постои уште едно дело преку кое Аллах ќе го воздигне човекот за сто степени во Џенетот – а растојанието меѓу секој степен е како растојанието меѓу небото и земјата.“ Ебу Сеид праша: „А кое е тоа дело, о Божји пратенику?“ Тој одговори: „Џихадот на Аллаховиот пат. Џихадот на Аллаховиот пат.“